ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-2990/2
28.05.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-2990/1 од 27.05.2025 година, поднесено од [redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-2990/1 од 27.05.2025 година, поднесено од [redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

-Решение од Општина Велес (согласно чл. 29, став 1 и 2 од Законот за урбано зеленило) со кое општината ја утврдила потребата за сечење на оштетени или стари дрва во центарот на Велес на местото на изградбата на подземната катна гаража, а по претходно доставено барање за сечење по службена должност?

-Одлука за зеленило (согласно чл. 30 од Законот за урбано зеленило) која го утврдува начинот и процедурата на сечење на дрвата и материјалната и финасиската компензација за исечените дрва.

-По чл. 31 од Законот за заштита на зеленилото заштитени се сите дрвја, како од јавните така и од приватните површини со обем на стебло над 40 см, мерено во висина од 1,3 м, освен овошките, дрвјата во малите градини и дрвјата во шумите.

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

### Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот;

Согласно чл. 34 од Законот за урбано зеленило, Дозволени активности на јавни зелени површини, („Службен весник на РМ“ бр. 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр. 42/20 и 22/24),

- “(1) Корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши заради нивно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките, како и **заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови**.
- (2) Работите од ставот (1) на овој член се вршат само врз основа на решение издадено од општината или градот Скопје од членот 29 од овој закон, со кое се утврдуваат условите и начинот за извршените работи. “

Во прилог на ова Решение Ви доставуваме и Решение за ископ, отстранување на целото зеленило и сечење на дрвја на јавна зелена површина на КП бр. 2689/1, КП бр. 10322/2 и КП бр. 10324/2 КО Велес и Одлука за управување со зеленилото на територија на Општина Велес

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Мацарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar” No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*